# АНЕКС 1-ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА СЛУЖЕЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА

**Предлог: Програма за служење на заедницата**

**Предлагач: Здружение за едукативен развој ЕКВАЛИС**

**Моментална состојба во македонското општество:**

Со настанувањето на пандемијата, во македонското општество, на површина излегоа неколку аспекти на коишто програмата предложена во овој документ ќе реферира. Пред се’, се увиде потребата од солидарност и нужноста од тоа граѓаните да покажат општествена одговорност. Второ, и исто толку важно, младите вклучени во образовниот процес, долго време беа збунети и без речиси никаква обврска или, пак, со драстично изменет облик на обврски поврзани со училиштето. Ваквата ситуација има потенцијал да придонесе кон еден феномент од којшто македонското општество беше вложено да излезе – општествената апатија. Во однос на ова, и пред пандемијата, бројни истражувања имаат заклучено дека постои висок степен на апатија во македонското општество, па, затоа, бројни граѓански организации посветено работеа на оваа проблематика изминатите неколку години. Како и да е, младите во македонија постојано пројавуваат искри на здружување и активно граѓанство што, дефинитивно, дава надеж и индицита дека постои желба кај младите да придонесат кон ова општество.

**Проблемот којшто оваа програма ќе го таргетира:**

Во училишните програми во Северна Македонија, за сега не постои функционален систем или програма преку којашто младите се активно поттикнати да ѝ служат на заедницата. Постои одреден број средношколци коишто, надвор од училишните обврски, се вклучуваат во дополнителни активности во служба на заедницата, како, на пример, собирање и донирање за социјално загрозените сограѓани, волонтирање во центри за помош и поддршка на лица со поинакви вештини[1], акции за кревање на свеста за одредени општествени проблеми, учество во разни организации коишто работат во насока на подобрување на родовата еднаквост, правата на ЛГБТИ+ заедницата, Ромите итн. Сепак, сите овие активности се се’ уште надвор од формалниот образовен систем и, како такви, нивната вредност е непризнаена.

Покрај непризнавањето на вредноста на активности во служба на заедницата, често пати, средношколците се жалат и на нивно обесхрабрување од страна на училиштето и средината во којашто живеат. Ова обесхрабрување е насочено кон одвраќање на младите од ваквите активности поради тоа што истите не се перцепираат како придобивка за младото лице и се гледаат како неплатен труд на младите.

Дополнително, постојаниот и се’ поинтензивен тренд на одлив на мозоци од државава е одреден индикатор којшто зборува за отцепеноста на младите од својата средина и од заедницата. Граѓаните коишто растат во средини во коишто не чувствуваат дека се корисни, дека ѝ се потребни на својата заедница и дека нивното останување, притоа, е нужно за

[1] Лица со поинакви вештини е нов термин којшто се преферира да биде користен за лицата за коишто претходно се реферираше со „лица со попреченост“.

заедницата да напредува и да се развива, се чини дека се токму склони на напуштање на својата заедница, односно, државата.

Во секој случај, со придвижувањето на Република Северна Македонија кон Европските вредности, како и кон нејзиното доближување кон Европската унија, се' позабележлива е желбата на младите да придонесат кон својата заедница. Впрочем, некои од земјите во Глобалните Север и Запад веќе имаат вклучено, во училишниот курикулум, Програма за служба на заедницата. Целта на ваквите програми е да создаде чувство на општествена корисност на младите, да го зајакне чувството на припадност во заедницата и да им направи на младите да се чувствуваат потребни на општеството. Постигнувањето на оваа цел директно ќе влијае и на одливот на мозоци, гледано долгорочно, но, и ќе ја зајакне општествената одговорност кај младите, а идни граѓани на македонското општество.

**Начин на спроведување на Програмата за служење на заедницата:**

Програмата за служење на заедницата ќе биде дизајнирана да опфати оптимално вклучување на секој од учениците од државните средни училишта во општествено корисна активност којашто ученикот самиот ќе ја избере, при консултации со својот Ментор од оваа програма.

Во текот на една учебна година секој од учениците ќе има обврска да изреализира 10 часа работа во служба на заедницата. Ваквата работа ќе може да опфати се' што е во корист на општеството, од волонтирање во организации коишто работат на донации на храна па се' до преведување статии на Википедија кон некој од локалните јазици во Република Северна Македонија.

При почетокот на учебната година, секој ученик/чка ќе посети една групна консултација со Координаторот на оваа програма во своето училиште. Доколку е потребно, учениците ќе можат да извршат и индивидуална или, пак, консултација во помали групи со својот координатор или со менторите[2]. При овие консултации координаторот и/или менторите ќе им ја презентираат датабазата на организации, иницијативи и институции коишто се отворени за волонтери и имаат потреба од волонтерски придонес во работата.

Забелешка: Ваквата датабаза на организации, иницијативи и институции ќе биде претходно креирана во консултација со разни ентитети коишто работат во корист на заедницата. Датабазата, со линкови до електронските платформи и со контакти, ќе биде достапна и онајн и во печатена форма кај Координаторите и Менторите. Покрај можноста учениците да се вклучат во веќе постоечки иницијативи и преку нив да ги изреализираат своите 10 часа работа, годишно, во служба на заедницата, тие ќе имаат можност и самите да креираат иницијатива со којашто ќе таргетираат проблем во својата локална средина. Ова, учениците/чките можат да го остварат индивидуално, но и во група.
Во текот на учебната година, при исполнувањето на волонтерската работа во служба на заедницата, учениците/чките ќе треба да поднесат кус извештај за своите реализирани активности.[3]

---

[2] Секое училиште треба да има по еден/на координатор/ка за секои 500 ученици/чки. На секој/а еден/на координатор/ка, потребно е да има и дв(е)ајца ментор/ки коишто ќе го поддржат процесот преку подиректни и почести консултации со учени(чк)ците.

[3] Извештајот за реализирана програма во служба на заедницата треба да биде стандардизиран формулар достапен онлајн, а со можна достапност и офлајн, којшто учениците на територијата на целата држава ќе можат да го користат.

info@ekvalis.org.mk
+389 78 572 355

**Интегрирање на концептот како образовена компонента:**

Имајќи предвид дека оваа пракса треба да влезе во формалниот образовен систем којшто има функција да ги води учениците низ стекнување на определени вештини, компетенции и потребата да рефлектираат на својот процес на учење, Еквалис предложува и посебен начин за оценување на предметот којшто повеќе се приклонува кон западноевропскиот/северен систем на оценување.

Во текот на комплетирање на своите 10 часови годишно во служба од заедницата секој ученик ќе треба да пополнува дневник за рефлексија. Дневникот служи за да се прави редовно архивирање на работните часови. Фокусот не треба да е ставен на прераскажување на активностите во коишто учествува ученикот/чката, туку и да се стави акцент на критичко поставување на ученикот кон општествениот проблем, себеспознавање низ програмата за служба на заедницата, проценување (особено самопроценување) на тоа кои вештини ги стекнале ученици низ оваа програма и како општествено корисната работа влијае пошироко во општеството. Пишувањето на дневникот на рефлексија не само што го прави процесот на комплетирање на оваа програма документиран и полесен за училишна администрација, туку и бара од учениците да ги вежбаат своите способности за пишување, критичко преиспитување, согледување на сопствените вештини како почетна точка во своето идно себеоткривање како важен предуслов во преминот кон високо образование или пазарот на труд.

За овој предмет не е пожелно нумеричко оценување. Учениците се оценуваат со оценката (pass/fail), односно, на македонски, (положен/паднат). Предусловот за положен предмет се: исполнување на минимумот на волонтерски часови и поднесување на дневник за рефлексија до одговрниот едукатор.

**Очекувани резултати коишто ќе произлезат од оваа програма:**

- Модернизирање на образовниот модел во Република Северна Македонија со внесување на аспекти за граѓанска и младинска ангажираност и практична работа
- Опремување на учениците со вештини коишто се важни за понатамошното школување и влегување во пазарот на труд (волонтерство, комуникација, тимска работа, лидерство, медиумска продукција и критичко размислување)
- Развивање универзални позитивни вредности кај учениците како: емпатија, солидарност, сочуство со маргинални општествени групи и мотивација за унапредување на своето општество
- Полесен и посуштински премин од средното образование кон високото образование и/или пазарот на труд

***Забелешка:***

На почетокот на учебната година, треба да има **ориентациона средба** на учениците со координаторот/менторот на Програмата за служба на заедницата. При оваа средба, менторот треба да им презентира на учениците што подразбира програмата, како ќе се реализираат активностите и ќе ја сподели датабазата[4] од којашто учениците ќе можат да изберат организација или иницијатива преку којашто ќе ја извршат својата волонтерска служба.

[4] Датабазата подразбира платформа со збир на сите постоечки организации и иницијативи од заедницата/општината преку коишто учениците можат да изберат да ја реализираат својата служба. Доколку одредени ученици не се чувствуваат дека организациите од датабазата се компатибилни за нив, истите можат да реализираат проект преку сопствена иницијатива во својата локална заедница.

info@ekvalis.org.mk
+389 78 572 355

**Моментални чекори што ги презема Еквалис:**

- Истражување на позитивни практики (комуникација со партнерски организации, училишта и едукатори од неколку Европски држави, Америка и Мексико)
- Контекстуализирање на концептот во рамки на можностите и потребите на нашата држава и согласно искуството со работа со млади во нашата организација
- Предлог на концептот до Министерството за образование и наука со цел да се утврди институционална поставеност кон овој концепт како предуслов за негова понатамошна разработка

info@ekvalis.org.mk
+389 78 572 355